**Известување за концентрација со која Грацер  Векселзајтиге Ферзихерунг, Австрија ќе стекне контрола над Еуролинк осигурување АД Скопје**

**(предмет бр. 08-23/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 07.02.2010 година, а дополнето на 24.02.2020 година,  до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација со која Грацер  Векселзајтиге Ферзихерунг акционерско друштво со седиште на Херенгасе 18-20, Грац, Австија ќе стекне контрола над Еуролинк осигурување АД Скопје со седиште на ул. Никола Кљусев бр.2 Скопје, по пат на купопродажба на акции.

***Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:***

**1.Друштвото за осигурување Грацер  Векселзајтиге Ферзихерунг, Австрија** е компанија за осигурување и нуди осигурување во животниот и неживотниот сектор. Грацер  Векселзајтиге Ферзихерунг, Австрија е 100% поврзана странана ГРАВЕ – Вермогенсверверлтунг, Грац, Австрија.

Во Република Северна Македонија Грацер  Векселзајтиге Ферзихерунг, Австрија е присутно преку своите поврзани друштва:

***Граве осигурување АД Скопје***, со седиште на ул. „Принска“ 23, Скопје е осигурително дружтво за животно осигурување и други осигурувања од незгода и здравствено осигурување и

***АД за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ со*** седиште на ул. „Принска“ 23 бр.1-1/5 е осигурително друштво за неживотно осигурување

**2. Еуролинк осигурување АД Скопје**, со седиште на ул. Никола Кљусев бр.2 Скопје е осигурително дружтво за неживотно осигурување.

Според подносителите  концентрацијата се однесува на пазарот на осигурување, кој потоа е поделен на пазар на: животно осигурување и неживотно осигурување;

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

26.02.2020 година
Скопје